Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Кавадарци, на ден 09.09.2023 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, подземен кабелски вод за поврзување на ТС од ФВЕ Краиште со постоечка 110/20/10 ТС Кавадарци 2, Општина Кавадарци, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на проектно-планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, подземен кабелски вод за поврзување на ТС од ФВЕ Краиште со постоечка 110/20/10 ТС Кавадарци 2, Општина Кавадарци се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Кавадарци

3. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува Општина Кавадарци на следната веб адреса/и: http://kavadarci.gov.mk.

4. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, подземен кабелски вод за поврзување на ТС од ФВЕ Краиште со постоечка 110/20/10 ТС Кавадарци 2, Општина Кавадарци, нема да има негативно влијание врз животната средина.

5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 11-960/13
Датум: 09.10.2023 година
Место: Кавадарци

Градоначалник на Општина Кавадарци
д-р Митко Јанчев